# ЗНМ: Срамна одлука на Апелациониот суд Скопје на штета на истражувачкото новинарство

29/05/2023 - 09:22 1470

Од: **А1он**

SHARE

Советот на Апелациониот суд Скопје составен од судиите Гордана Ѓорчева, претседател на советот, Суад Алиу и Влатко Самарџиски, членови на советот, донесе срамна одлука на штета на слободното новинарство против колегите од Истражувачката репортерска лабораторија (ИРЛ).

Добивај вести на вибер

Овој суд ја укинува пресудата на Основниот граѓански суд Скопје во корист на новинарите и повторно го враќа на судење предметот во кој поранешниот вицепремиер Кочо Анѓушев ги тужи Сашка Цветковска и ИРЛ.

Овој вид на одлуки на судиите од Апелациониот суд Скопје и генерално

моќник, а во претходниот владин состав и Заменик на претседателот на Владата.

Важно е да се истакне дека ваков вид на тужби служат да се предизвика заплашување и потенцијално финансиско исцрпување на тужените новинари. Укажуваме дека вообичаено целта на овој вид на тужби не е да се заштити личниот углед, туку да се малтретираат тужените со цел да се демотивираат или да се откажат од јавна критика. Овој вид на тужби се познати како стратешки тужби за спречување на јавно учество (SLAPP) и за истите Советот на Европа креира препораки до членките држави како тие да се превенираат зошто може да го нарушат правото на информирање на граѓаните.

Дополнителен проблем во врска со овој случај е вчерашниот груб обид за јавна дискредитација од страна на Секторот за односи со јавноста и за маркетинг на „Феро Инвест“ ДОО Скопје кој во соопштение до медиумите сподели свое толкување за овој судски случај. Тие во објавата која беше пренесена од страна на неколку медиуми, се ставаат во улога на суд, прејудицираат идна судска одлу[ка] и служејќи се со навреди кон колешката

На овој начин може да се протолкува дека „Феро инвест“ прави дополнителен притисок на Основниот граѓански суд кој повторно треба да постапува по приватната тужба на Анѓушев кон новинари и второ се прави обид да се влијае на јавноста во полза на тужителот на штета на слободата на изразување.

За потсетување ИРЛ за оваа сторија ја доби првата награда на тема „Справување со загадувањето на воздухот – зајакнување на јавната свест за проблемите и можните решенија“, во избор на Здружението на новинари на Македонија а во соработка со Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП). Освен ова, Советот на честа при ЗНМ на 23 мај 2021 година ја одби претставката на Анѓушев за наводно прекршување на кодексот на етика на новинарите и констатира дека со оваа сторија биле обезбедени информации и докази достапни за авторите на истражувачката сторија со што не е прекршен член 1 а со објавување на демантот и со понудата да се сними изјава на Анѓушев, нема прекршување ни на член 3 од Кодексот на новинарите на Македонија.

федерација на новинари (ЕФН) каде што се членки и ќе укаже дека станува збор за притисок преку судот на слободното новинарство. Советот за етика во медиумите во Македонија (СЕММ) исто така за случајот ќе ја извести мрежата на независни совети за медиуми во Европа (AIPCE) каде што СЕММ е членка.

## БИ МОЖЕЛО ДА ВЕ ИНТЕРЕСИРА

ЗНМ и меѓународни новинарски организации во скенирање на медиумската состојба во Македонија

Ковачевски: Медиумите се наш партнер во градење европско, слободно и демократско општество

Почнува јавна дебата за креирање на Фонд за новинарски продукти: ЗНМ и европските новинарски организации на средба во Владата

Судењето за „Титаник 2“ одложено за 14 јули

ЗНМ: Судскиот совет има обврска да биде транспарентен кон јавноста

Со 28 судии, од предвидените 52, Апелација ќе постапува по сите предмети

ПОЧЕТНА МАКЕДОНИЈА ЕКОНОМИЈА РЕГИОН СВЕТ
МАГАЗИН СПОРТ КУЛТУРА ВИДЕО СКЕН

INSTAGRAM FOLLOW

YOUTUBE SUBSCRIBE

## НАЈЧИТАНИ.




### Докторка кардиолог деградирана на пониско работно место бидејќи си ги барала парите што болницата и ги должи

posted on 12/06/2023



### Силен земјотрес ја погоди Србија

posted on 12/06/2023

### (ВИДЕО) Пресметка во Црното Море: Украински бродови камикази ги напаѓаат Русит

posted on 12/06/2023






## Три деца на роденденска забава се напиле дизентал, завршиле на болничко лекување

posted on 12/06/2023



## (ВИДЕО) Гризли се бања во Флорида, плажа е полна со луѓе, но мечката без проблем се разладува

posted on 12/06/2023

@2019 - A1on. Сите права задржани.
Member of Clip Media Group